Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ), член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден __.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес, согласно Законот за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), со вкупна површина од 615 м$^2$.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес со тех бр 29/24 од Декември 2024 година, ревидиран од „ИНГРА“ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 404/24 од Декември 2024 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

# Образложение

Постапката за изготвување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес, е започната по барање на Инвеститорите:

Промената се врши со цел да се подели, односно препарцелизира претходно формираната градежна парцела, во две помали градежни парцели. Проектниот опфат ја опфаќа градежната парцела 20.47.2 од важечкиот урбанистички проект: ДУП за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20 во УЕ II м.в. Трпезица, донесен со Одлука бр.27 – 1080/7 од 13.02.2015 година, односно ја опфаќа КП 16165/3, КО Велес.

Урбанистички проект ја разработува ГП 20.47.2 со што истата се препарцелизира во две градежни парцели. Предмет на разработка е новоформираната ГП 20.47.2.1, додека за ГП 20.47.2.2 не се предвидува развој на постојниот објект затоа што не ги исполнува условите за формирање на површина за градење, истиот е прикажан со информативна градежна линија.

Со поделбата на претходно формираната градежна парцела во две помали, се менува диспозицијата на површините за градење и организацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, без притоа да се менуваат збирните параметри за површините за градење, во се согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20, 111/23, 171/24) и Член 57 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)

Површина на опфатот е колку и површината на парцелата, 615 м2 и се дели на две градежни парцели со површина од по 307,57 м2.и 307,53 м2.

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И ОБЈЕКТИТЕ**

**Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 И УБ20, УЕ II мв Трпезица, со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес**

| Површина на проектен опфат | Г.П | површина на градежна парцела | поединечна класа на намена | максимална висина на градба | број на спратови | поединечна површина на наменска употреба на земјиштето | поединечна застапеност во однос на вкупната површина на ГП | површина под градба /м2/ | вкупно изградена површина /м2/ | процент на изграденост | коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 615 m2 | 20.47.2.1 | 308 m2 | А1.1 - Куќи со двор | 10,20 | П+2 | 81 m2 | 26% | 81 m2 | 243 m2 | 26% | 0,79 |
| | | | Асфалтирана сообраќајна површина | - | | 128 m2 | 41% | - | | - | |
| | | | Пешачка површина | - | | 13 m2 | 4% | - | | | |
| | | | Зеленило | - | | 86 m2 | 28% | - | | | |
| | 20.47.2.2 | 308 m2 | А1.1 - Куќи со двор | Постојна | П+1 | 72 m2 | 23% | 72 m2 | 144 m2 | 23% | 0,47 |
| **Вкупно:** | | **615 m2** | | | | **308 m2** | **100%** | **153 m2** | **387 m2** | **25%** | **0,63** |

